**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23-04-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2095 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 19 до 25 март 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 април 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор реализиран по службена должност врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 19 до 25 март 2018 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела)*.

Имено, во седмицата од 19 до 25 март 2018 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, не го спроведуваше програмскиот концепт за којшто му е издадена дозволата, односно беше целосно надвор од форматот за којшто му е издадена дозволата, речиси вкупно емитуваната програма беше составена од репризи на претходно емитувани програми, а во програмите со информативна функција отсуствуваше дневен или актуелен новинарски ангажман.

Според програмскиот концепт за кој, на 17 септември 2015 година, и е издадена дозволата за телевизиско емитување за период од 9 години, Телевизија Нова треба:

- да биде програмски сервис со претежно информативен општ формат;
- говорниот дел од програмскиот сервис да го емитува на македонски јазик; а
- застапеноста на сопствената програма на неделно ниво да и биде 60 часа.

Според Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите (Службен весник бр. 172/2014), форматите на телевизиските програмски сервиси се определуваат врз основа на застапеноста на видовите аудиовизуелни програми и медиумските функции (информативна, образовна или забавна) што тие ги исполнуваат во вкупната емитувана програма во текот на една седмица, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација[1] (член 3 од Правилникот).

Телевизиските програмски сервиси од општ формат мора да содржат најмалку 5 (пет) од видовите аудиовизуелни програми утврдени во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, и можат да бидат со сите три медиумски функции или претежно со една медиумска функција (член 5 од Правилникот).

Кај телевизискиот програмски сервис од општ формат, во кој застапените видови програми претежно исполнуваат една од трите медиумски функции, функцијата што претежно се исполнува не смее да биде застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65%, а останатиот дел од програмата го сочинуваат програми што ги исполнуваат другите две медиумски функции, при што ниту една од овие две функции не смее да биде застапена со помалку од 5% во вкупната емитувана програма во текот на една седмица (член 7 од Правилникот).

Во случајов на Телевизија Нова, согласно избраниот формат (сервис со претежно информативен општ формат), видовите програми со претежно информативна функција не смеат да бидат застапени со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во програмата што подлежи на класификација во текот на една седмица.

Во програмскиот концепт телевизијата пријавила дека ќе емитува 5 видови аудиовизуелни програми и дека структурата на неделната програма според медиумските функции ќе биде:

- 61.96% - застапеност на аудиовизуелни програми со информативна функција
- 25% - застапеност на аудиовизуелни програми со образовна функција
- 13.04% - застапеност на аудиовизуелни програми со забавна функција

Со надзорот врз програмскиот сервис во седмицата од 19 до 25 март 2018 година, е утврдено дека радиодифузерот беше целосно надвор од форматот утврден во

[1] Според точка 17 од Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми (Службен весник бр. 171/2014) на класификација не подлежат: аудиовизуелни комерцијални комуникации, објави на радиодифузерот во врска со неговите сопствени програми, соопштенија од јавен интерес, апели за добротворни цели, интермецо, верски служби и проповеди, најавни и одјавни шпици, џинглови и авизо.

програмскиот концепт кој е составен дел на дозволата за телевизиско емитување. Според медиумските функции што ги исполнуваа емитуваните 6 видови програми, структурата на неделната програма беше:

- 9.44% - застапеност на аудиовизуелни програми со информативна функција
- 71.15% - застапеност на аудиовизуелни програми со образовна функција
- 19.41% - застапеност на аудиовизуелни програми со забавна функција

Ова е сосема различно од пријавената структура во програмскиот концепт, но и спротивно на условите за овој формат утврдени во Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите. Имено, наместо програмите со информативна функција да бидат застапени меѓу 50% и 65% во програмата што подлежи на класификација во текот на анализираната седмица, како што пропишува Правилникот за сервис со претежно информативен општ формат, тие се застапени само со 9.44%.

Дополнително, но многу важно, речиси вкупно емитуваната програма беше составена од репризи на претходно емитувани програми, односно отсуствуваше дневен или актуелен новинарски ангажман во програмите со информативна функција.

Инаку, говорниот дел од програмата го емитуваше на македонски јазик, а застапеноста на сопствената програма во анализираната недела беше 47 часа 20 минути и 35 секунди. Мора да се потенцира дека сопствената програма, исто така, беше составена од повеќе репризи на претходно емитувани актуелно-информативни програми со документаристички пристап и неколку изданија на документарни програми (патеписи и портрети на личности).

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во седмицата од 19 до 25 март 2018 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, не го спроведуваше програмскиот концепт за којшто му е издадена дозволата за телевизиско емитување.

## 9. Предлог мерка:

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор за почитувањето на членот 67 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не

постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***